Образец бр. 2

## Иницијална проценка на влијание на регулативата

### Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите

1. **Опис на проблемите**

   Проектот за изградба на фискултурни сали во основни училишта и рехабилитација на основни и средни училишта во Република Македонија претставува продолжување на успешната соработка меѓу Владата на Република Македонија и Банката за развој при Совет на Европа (ЦЕБ), чиј прв заеднички проект во оваа област е Проектот за изградба и опремување на фискултурни сали во средните училишта во износ од 14.300.000 ЕВРА (заем од ЦЕБ во износ од 12.500.000 ЕВРА и учество на Република Македонија од 1.800.000 ЕВРА) опфатена е изградба или реконструкција на 30 фискултурни сали.

   Врз основа на заклучоци од 183-тата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 14.09.2010 година, Министерството за финансии оствари комуникација со ЦЕБ и ги спроведе сите активности за обезбедување на заем во износ од 30.000.000 ЕВРА за делумно финансирање на Проектот за изградба на фискултурни сали во основни училишта и рехабилитација на основни и средни училишта во Република Македонија.

   Министерството за образование и наука подготви Извештај за издржаноста на Проектот, кој беше предуслов за презентирање на Проектот пред Административниот совет на ЦЕБ. Министерството за финансии го проследи Извештајот за издржаноста на Проектот до ЦЕБ и поднесе Апликација за добивање на заем до Генералниот Секретар на Советот на Европа на 07.04.2011 година.

   Проектот е презентиран и одобрен од страна на Административниот совет на ЦЕБ на 13.05.2011 година.

   Финалниот текст на Рамковниот договор за заем, кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и ЦЕБ е усогласен на 11.07.2011 година, по пат на електронска комуникација меѓу претставниците на ЦЕБ и претставниците на Министерството за финансии и Министерството за образование и наука.

2. **Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите**

   Република Македонија преку ова задолжување обезбедува дел од потребните финансиски средства за реализација на Проектот за изградба на фискултурни сали во основни училишта и рехабилитација на основни и средни училишта во Република Македонија, во висина од 30.000.000 ЕВРА.

3. **Идентификација на можни решенија (опции)**

   Донесување на Закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Совет на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за изградба на фискултурни сали во основни училишта и рехабилитација на основни и средни училишта во Република Македонија со цел пристапување кон потпишување на Рамковниот договор за заем и отпочнување со имплементација на проектните активности.

**Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија**

**Предложено решение (опција):** Донесување на Закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Совет на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за изградба на фискултурни сали во основни училишта и рехабилитација на основни и средни училишта во Република Македонија

**Опис:** Износот на заемот е 30.000.000 ЕВРА. Законот ќе даде генерален опис на финансиските услови под кои ќе биде склучен Рамковниот договор меѓу ЦЕБ и Република Македонија.

1. **Трошоци**

•Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите. НЕ

•Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците. НЕ

•Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците. НЕ

•Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците. НЕ

•Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците. НЕ

2. **Придобивки**

•Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни

Вкупните финансиски придобивки изнесуваат 30.000.000 ЕВРА.

•Други нефинансиски придобивки за засегнати страни

Проектот за изградба на фискултурни сали во основни училишта и

рехабилитација на основни и средни училишта во Република Македонија има за цел унапредување на физичкото образование, како и подобрување на севкупните услови за учење на учениците во основните и средните училишта.

Проектот се состои од две компоненти:

1. изградба и опремување на 70 фискултурни сали во основни училишта во насока на подобрување на физичката подготвеност и здравјето на учениците, а со тоа и нивната способност за исполнување на образовните цели и обврски. Директна придобивка од оваа компонента на проектот ќе имаат околу 42.000 ученици на кои ќе им се овозможат услови за следење на наставата по физичко воспитување а ќе бидат опфатени вкупно 50 општини во сите осум региони во Република Македонија; и
2. реновирања на околу 240 основни и средни училишта кои опфаќаат: реконструкција на покриви во 49 училишта, инсталација на системи за греење во 30 училишта, замена на дотраени прозорци во 41 училиште, реконструкција на санитарни јазли во 53 училишта, замена на подови во 19 училишта, санација на електрична инсталација во 20 училишта и ургентни градежни работи кои би се појавиле во текот на реализација на проектот. Спроведувањето на овој дел од проектот е во насока на обезбедување соодветна околина и подобрени услови за образовната дејност. Директна придобивка од втората компонента на овој проект ќе имаат околу 110.000 ученици и наставници а ќе бидат опфатени 51 општина во осумте региони во Република Македонија.

## 3. Ризици и претпоставки

## 4. Останати влијанија

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | **Резултати приложени во материјалот** | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

**Чекор 3: Консултации**

При подготовката на Предлог законот за задолжување, направени се консултации со Министерството за образование и наука и Секретаријатот за законодавство.

**Резиме на иницијалната**
**проценка на влијание на регулативата**

1. **Краток осврт на преферираното решение/опција:** Донесување на Закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Совет на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за изградба на фискултурни сали во основни училишта и рехабилитација на основни и средни училишта во Република Македонија.

2. **Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

   Кристина Павловска, помошник раководител на Сектор за усогласување со ЕУ и меѓународни финансии, Министерство за финансии

   Ана Димитриевска, помлад соработник во Сектор за усогласување со ЕУ и меѓународни финансии, Министерство за финансии

3. **Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

   Сузана Пенева, државен советник во Министерство за финансии.

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Има влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| 2. | Нема влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| 3. | Нема влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| 4. | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| 5. | Нема влијание | врз животната средина. |
| 6. | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| 7 | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување: 01.08.2011 година<br>Вклучени организации и претставници:<br>Свое мислење дадоа следниве организации: | ДА |
| 8 | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | ДА |
| 9 | Предлог законот е лекториран. | ДА |
| 1 | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА |
| 1 | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | НЕ |
| 1 | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување“? | НЕ |

**Изјава од министерот**

Јас, Зоран Ставрески, изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на Заменик претседател на Влада
и министер за финансии:

................................................................................ Датум:

Изработил: Ана Димитриевска
Контролирал: Кристина Павловска
Одобрил: Сузана Пенева